УДК: 616.314–77

МОБИЛНИ ПРОТЕЗИ СО ECLIPSE - ПРЕДНОСТИ И НЕДОСТАТОЦИ (I ДЕЛ)

Панчевска С., Бундевска Ј.

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје, Катедра за стоматолошка протетика

Терапијата на парцијална и тотална беззабност кај пациенти со верификувана алергиска реакција на акрилатите кои се употребуваат во изработка на мобилните протетички помагала е особено тешка доколку се работи за пациенти каде во планирање на истата не може да се употребат импланти комбинирани со фикснопротетички изработки. Во овие случаи метод на избор е изработка на мобилни Eclipse - протези.

Целта на овој труд е да се прикаже лабораториската постапка, предностите и недостатоците на изработката на парцијални и тотални протези со Еклипс смола.

Материјал и метод: На Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при УКЦ во Скопје, во последните 5 год изработени се 12 мобилни протези, тотални и парцијални, со примена на посебна технологија и материјал т.н. ECLIPSE протези од светлосно полимеризирачка смола.

Заклучок: Отсуството на симптомите на алергиски стоматит кај пациентите носители на Eclipse - мобилни протези како и нивното задоволство од постигнатата естетика и одржувањето на оралната хигиена, го наметнуваат заклучокот дека овие мобилни протези претставуваат соодветно тераписко решение за случаите на парцијална и тотална беззабност со докажан алергиски стоматит.

Клучни зборови: мобилни протези, алергиски стоматит, еклипс смоли

Постигнување на максимален естетски учинок е крајната цел на секоја протетичка рехабилитација. Со тоа најчесто се исполнуваат желбите на пациентот, но тоа воедно претставува и лична сатисфакција за вас како терапевт. Ова најчесто не е проблем кога пред нас се наоѓа пациент кој нема проблем финансиски да го реализира планот за негова потполна орална рехабилитација. Во тие случаи санирањето на парцијалната или тоталната беззабност можете да го планирате врз база на примена на последните достигнувања во стоматологијата: употреба на повеќе импланти комбинирани со протетички изработки од метал керамика или било кој вид на безметална керамика. Проблемот на есретското решени на парцијалната или тоталната беззабност се јавува кај случаите кога можностите на пациентот дозволуваат изработка на класични протези или најмногу скелетирани парцијални протези. Ова особено се потенцира како проблем кога станува збор за пациент со верифицирана алергиска реакција на акрилатите кои се користат во секојдневната практика за изработка на парцијалните или тоталните протези.

Кај овие пациенти на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при УКЦ-Скопје, во последните 5 год се применува изработка на мобилни протези, тотални или парцијални, со примена на посебна технологија и материјал. Тоа се т.н. ECLIPSE протези.

Целта на овој труд е да се прикаже лабораториската постапка, предностите и недос-

татоците на изработката на мобилни протези со Eclipse светлосно полимеризирачка смола.

Материјал и метод

На Клиниката за мобилна стоматолошка протетика при УКЦ „Св. Пантелејмон" во Скопје, во последните 5 год изработивме 12 мобилни протези, тотални и парцијални, со примена на посебна технологија и материјал т.н. ECLIPSE протези од светлосно полимеризирачка смола. Тоа се протези за кој е потребно кратко време за нивна изработка при што не се употребува восок при нивното изработување.

Но, покрај ова за нас многу позначаен е податокот дека ECLIPSE претставува смола која не содржи Methylmethacrylate или Benzoyl Peroxid.

ТАБЕЛА 1. *СОСТАВ НА ECLIOPSE СМОЛА*

Состав на Eclipse смола
Akriliziran Urethane Oligomer (TBDMA)
Urethane Dimethacrylate (HDIDMA)
Octadecyl Acrylate
Hexandiol Dimethacrylate
Фото иницијатори
Пигменти
Црвени нишки
ECLIPSE претставува смола која не содржи
Methilmetacrylate
Benzoyl Peroksid

Постојат три различни Eclipse смоли: BASEPLATE RESIN материјал за изработка на базната плоча (посебно за горна и посебно за долна), SET-UP RESIN за поставување на забите, CONTTOUR RESIN за моделирање

Слика 1. *ECLIPSE смоли.*

и пополнување на протезите. Доаѓа во три т.н. Луцитон бои (original, Light Pink, light Reddish Pink) и Clear - прозирна. Оваа смола се моделира како восок, крајниот естетски резултат е одличен, а самиот материјал е значително поцврст.

За изработка на овој вид протези потребна е посебна апаратура која се состои од печка за кондензација, електрично ноже и пиштол за загревање. Покрај ова неопходна и посебна (посуда) тацна во која стои растопената смола.

Слика 2. *Апаратура за изработка на ECLIPSE протези.*

До земањето на функционален отпечаток постапката е идентична како и при изработка на класични акрилатни протези. Тука престанува секоја сличност во изработката. Функционалниот отпечаток се излева со супер тврд гипс и на него веднаш се изработу-

ва базата на идната протеза во својот конечен облик. По нанесениот сепаратор и неговото кондиционирање во печката, на моделот се адаптира смолата за базни плочи и се премачкува специјален изолатор Air Bearrier Coating а потоа се полимеризира 10 минути. Откако базата ќе се олади на собна температура се отстранува изолаторот и може да се обработат рабовите на протезата.



Слика 3. *База на тотална протеза*

На базта на протезата се нанесуваат восочни бедеми за да може да се регистрираат меѓувиличните односи. Вака изработената база на идната тотална протеза ни дава можност веќе при следната посета да направиме проценка на ретенцијата на протезата и нејзиниот сооднос со потпорните ткива.

По одредувањето на висината на загризот и пренесувањето на моделите во артикулатор, восокот мора во целост да биде отстранет. Затоа по неговото механичко отстранување се врши и обезмастување на базната плоча со алкохол.



Слика 4. *Загризни шаблони поставени во артикулатор*

Потребна е одредена припрема на базната плоча и на забите, односно обезбедување на механичка ретенција пред да се започне со нивно поставување со помош на Set Up



Слика 5. *Термо ноже*

смолата. Поставата се прави со помош на термо ноже.

Завршното моделирање на протезата се прави со Contour resin. Смолата е сместена во тацната во која се загрева и со помош на термо ножето се нанесува на потребните места (околу вратот на забите, преку базната плоча или Seta Up - смолата). Таа се до



Слика 6. *Проба на заби пред дефинитивна полимеризација.*

светлосната полимеризација, може убаво и лесно да се моделира, а потоа дава можност за полирање до висок сјај. Бидејќи Eclipse-смолата е светлосно полимеризирачки материјал моделите со поставените заби треба да бидат заштитени од јака светлина се до пробата на забите, но и да не бидат непотребно во контакт со воздух, затоа моделите се завиткуваат во фолија. Евентуалните потребни корекции при пробата на заби потребно е да ги направите со загревање на смолата односно со термо ноже.

Следи процесот на кондиционирање кој по аплицирањето на АБЦ сретството за изолирање се одвива во светлосно-полимеризирачката печка во траење од приближно еден час. Потоа на рабовите се става гел за зацврстување и се враќаат во печка уште 10 мин. Токму оваа фаза во изработката на протезите со еклипс ги одвојува од конвенционалниот начин на изработка на протези кој е многу покомплициран и подолготраен.



Слика 7. *Полимеризација на парцијална протеза во печка за светлосно полимеризирање.*

По отстранувањето на АБЦ-материјалот следи мала завршна обработка и полирање кои се исти како и кај конвенционалните мобилни протези.



Слика 8. *Готова протеза од ECLIPSE смола*

Резултати и дискусија

При употреба на ECLIPSE смола за изработка на мобилни протези, применувајќи еден сосема нов начин на изработка на протези неопходно е да ги истакнеме предностите и недостатоците кои ги забележавме во текот на овие години.

Еклипс смолата за изработка на мобилни протези на нашата клиника се користи веќе петта година. Во почетокот еклипс мобилните протези беа изработувани кај пациенти со верифицирана алергиска реакција на акрилатите кои ги употребуваме во изработка на мобилни протези, затоа како главна придобивка од нивната изработка го сметаме фактот што кај пациентите не беа забележани симптоми на алергиски стоматит, односно се изгубива симптомите на црвенило на местото на протезата, жарење и печење во устата. Тоа се должи на фактот дека кај еклипс мобилните протези не е присутен резидуален мономер односно не содржат Methylmethacrylate или Benzoyl Peroxid. Токму затоа се погодни за користење кај пациенти кај кои постојат симптоми или е докажана алергиска реакција на акрилатите или нивните составни елементи кои се користат при изработка на мобилните протези.

Секако предност на овој метод на изработка на мобилни протези е времетраењето на изработка на протезите. Односно времето на лабораториската постапка е во голема мера намалено што го истакнуваат и останатите автори кои ги испитувале Eclipse-протезите (1, 2) (фазата на киветирање, испирање на восокот, неговата замена со акрилат како и долготрајниот процес на топлотна полимеризација на акрилатот се избегнуваат).

Предност на овој материјал е и тоа што веднаш се изработува базата на протезата што ни дава можност да ја процениме ретенцијата на идната мобилна протеза. Ова исто така нуди единствена можност во фазата на одредување на меѓувиличните односи, но

уште позначајно е тоа што при пробата на забите протезата убаво ретинира па можете да ги забележите сите недостатоци, да ги извршите сите фонетски тестови за правилна постава на забите во фронтот, а притоа да ја избегнете можноста од евентуално извртување на забите. Овој заклучок се совпаѓа и со сознанијата на Engelmeier во неговата двогодишна студија за Eclipse-протезите (1). На тој начин можеме да постигнеме максимален естетски ефект при поставата на забите, а со тоа да ја вратиме насмевката на лицето на нашите пациенти.

Не беа забележани поплаки од пациентите во однос на одржувањето на оралната хигиена, евентуална промена на бојата на МП или пак зголемена лепливост на храната при мастикација (бидејки се работеше за пациенти кој веќе користеле конвенционални мобилни протези).

Задоволството на пациентите генерално беше добро, без негативни коментари за применетиот материјал.

Но, покрај овие предности секогаш постојат и одредени недостатоци или забелешки кој доколку се корегираат или се изнајде соодветен начин за нивно надминување ќе го направат овој материјал уште подобар.

Во процесот на изработка наша забелешка беше дека овој материјал не е многу погоден доколку се работи за изработка на мобилни протези кај пациенти со силно назначени поткопано места особено во пределот на максиларните тубери. Бидејќи веднаш се изработува дефинитивната базна плоча со честото вадење и ставање на гипсаниот модел може да дојде до оштетување на моделот или кршење на базата, што беше случај кај еден од нашите пациенти.

Доколку не се изврши правилна полимеризација на материјалот, станува леплив и тешко може да се манипулира со него. Трите користени смоли кои влегуваат во состав на протезата се светлосно полимеризирачки затоа не смее да се дозволи навлегување на воздух помеѓу материјалите, тоа значи дека бара речиси совршено чисти работни површини и простории во кои се работи и заштита со фолии на моделите помеѓу фазите на работа.

Земајќи ги во предвид изнесените предности и недостатоци на ЕМП, задоволството на пациентите од отсуството на симптомите на алергиска реакција и постигнатите естетски ефекти, овие протези во иднина би требало да најдат поголема примена во секојдневната протетичка пракса.

ECLIPSE REMOVABLE DENTURES – ADVANTAGES AND DISADVANTAGES (PART I)

Pančevska S., Bundevska J.

Summary

The therapy of partial or total edentulous patients whit verified allergic reaction to acrylic-resin is especially difficult if combination of implants whit fix-dentures cannot be made. In this cases Eclipse-removable dentures are the right solution.

The aim of this study is to make an introduction to the laboratory procedures, advantages and disadvantages of fabricating Eclipse resin complete and partial dentures.

Material and method: In the last 4 years 12 removable dentures, either partial or complete dentures, were made whit a special technology and material, Eclipse light curing resin dentures.

Conclusion: According to our survey the patients treated whit Eclipse removable dentures, expressed satisfaction whit the good esthetic, the easy maintenance of dentures' hygiene, as well as the absence of symptoms of stomathitis alergica. It can be concludet that the Eclipse removable dentures are appropriate solution to solve the problem of partial or total edentulous patients whit simptoms of stomatitis alergica.

Key words: removable dentures, stomatitis alergica, Eclipse resin

Литература

1. Engermeier R. A 2-year evaluation of complete dentures fabricated from a new visible light-cured resin. Cont Estet and Restor Pract; Sept 2004; 22-28.

2. Kurtzman GM and Melton AB. Full arch removable prosthetics with Eclipse;

Spectrum Denturism – Vol. 2 No. 1 – March 2008.

3. www. Degudent – Eclipse tecaj

4. www. prosthetics.dentsply.com